Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 19-тата седница одржана на 02.06.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-3253/1 од 31.12.2024 година, оформен по пријава со наводи против --------- , в.д директор на ------------ , СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување од причина што за конкретниот случај постапил надлежен орган при што не биле утврдени неправилности.

Предметот со број 12-3253/1 од 31.12.2024 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 31.12.2024 година, поднесена е пријава против в.д директорот на ---------- и оформен е предмет број 12-3253/1 од 31.12.2024 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за злоупотреба на службената положба и овластување од страна на ----------, в.д директор на -------------. Имено, директорот на наведената установа спротивно на законските одредби на одредени лица им исплаќал плата иако не се појавиле на нивните работни места, со кое била предизвикана материјална штета на установата.

Исто така, се наведува дека биле извршени злоупотреби за отсуства по основ боледување, а за тоа в.д директорот бил запознаен.

Заради провека на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барања за прибирање информации до Државен инспекторат за труд на Република Северна Македонија со барање да биде извршен инспекциски надзор.

Од страна на Државниот инспекторат за труд, доставени се бараните информации, а од извршениот вонреден инспекциски надзор во ----------, инспекторатот изготвил два Записника бр.ИП1 бр.------- од 24.02.2025 и Записник бр.--------- од 25.02.2025 година.
Во Записниците наведено е дека, по извршениот надзор во субјектот на ------------, од страна на Државниот инспектор за труд не биле утврдени неправилности во однос на отсутствата на вработените лица и во однос на злоупотребите за отсуства по основ на боледување односно согласно увидот во електронската евиденција не е констатирано отсуство од работното место на вработените лица во текот на утврденото време на Установата, додека по однос на злоупотребата на боледување било утврдено дека истите биле издадени од страна на здравствена институција и овластен лекар.

Врз основа на наведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по наводите од пријавата од причина што за предметниот случај веќе постапил друг надлежен орган и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Заменик претседател
м-р Билјана Каракашова Шулев

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: З.Б., Член на ДКСК